Друштво за трговија, производство
и услуги **ПРОМЕДИКА** ДОО
Бр. 0302-1319/26
29.09.2026 год.
СКОПЈЕ

ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА
"Promedika Dental Connect 2026"

НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ПРИРЕДУВАЧОТ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 1

Приредувач на наградната игра **"Promedika Dental Connect 2026"** (во понатамошниот текст: наградна игра) е ДТПУ ПРОМЕДИКА ДОО Скопје, со седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 50, Скопје – Центар, со ЕМБС 5120276 (во понатамошниот текст: Приредувач).

ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 2

Името на наградната игра е **"Promedika Dental Connect 2026"**.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 3

Наградната игра започнува на 22.10.2026 година во 00:00:01 часот и ќе заврши на 23.10.2026 година во 23:59:59 часот.

ЦЕЛ И ОПИС НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 4

Наградната игра се организира, како дел од едукативен настан кој ќе се одржи на 17.10.2026 година организиран од страна на Приредувачот по повод одбележувањето на 30 години постоење на Промедика под наслов **"Promedika Dental Connect 2026"** (во понатамошниот текст: едукативниот настан), наменет за стоматолози од Република С. Македонија, со цел овозможување поддршка за започнување на самостојна стоматолошка дејност преку доделување на стоматолошка столица Saevo S 500 H на еден од присутните учесници на едукативниот настан, избран од интерна комисија на Приредувачот.

За присуство на едукативниот настан се уплатува котизација кон Приредувачот во висина од 2.000,00 денари. За износот на платена котизација, Приредувачот ќе издаде ваучер кој ќе може да се замени за производи од асортиманот на Приредувачот.

Наградната игра се организира заради рекламирање на производите и услугите Приредувачот (Промедика ДОО Скопје).

ТЕРИТОРИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 5

Наградната игра се организира и се спроведува во просториите на Промедика на територија на градот Скопје.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Член 6

Право на учество во наградната игра имаат физички лица (во понатамошниот текст: учесници) кои кумулативно ги исполнуваат следните услови:

1. да се дипломирани доктори по стоматологија со валидна лиценца за работа;
2. да имаат најмногу 35 години на денот на поднесување на апликацијата;
3. да имаат најмалку 5 години работно искуство во стоматолошка ординација;
4. да имаат конкретна намера и план за отворање сопствена стоматолошка ординација;
5. да поднесат целосно пополнета апликација во утврдениот рок;
6. да ја платат котизацијата за учество на едукативниот настан.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Член 7

Во наградната игра учесниците се пријавуваат преку електронски формулар – апликација, достапен на веб страната на Приредувачот (www.promedika.mk). Секој учесник може да поднесе само една апликација.

Апликацијата содржи прашалник преку кој кандидатот доставува задолжителни податоци (име и презиме, телефонски број/e-mail адреса) и одговори релевантни за неговото образование, професионално искуство, мотивираност, подготвеност и конкретен план за отворање и започнување со работа во сопствена стоматолошка ординација.

Крајниот рок за доставување на апликациите е 23.10.2026 година, до 23:59:59 часот.

Со поднесувањето на апликацијата, учесниците потврдуваат дека доставените податоци и информации се точни, целосни и вистинити и дека ги исполнуваат условите за учество утврдени со овие Правила. Со поднесувањето на апликацијата, учесниците потврдуваат дека се целосно запознаени со одредбите на овие Правила и ја изразуваат својата согласност за прифаќање на истите.

Нецелосни, неточни, невистинити или задоцнето доставени апликации нема да бидат земени предвид при изборот на добитникот.

ЗАБРАНА ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

Член 8

Вработените во ПРОМЕДИКА ДОО Скопје, како и членовите на нивните потесни семејства немаат право на учество во наградната игра.

ЗАПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ СО ПРАВИЛАТА НА НАГРАДНАТА ИГРА

Член 9

По добивањето на согласност од Министерството за финансии и со почетокот на наградната игра, учесниците во наградната игра ќе бидат запознаени со овие правила преку нивно објавување на веб страницата преку која ќе се врши аплицирањето – www.promedika.mk.

НАГРАДЕН ФОНД

Член 10

Целосната сума на наградниот фонд изнесува **275.430,27 денари со вклучен ДДВ**.

Наградиот фонд се состои од една награда, и тоа:

опис	количина	Цена со вклучен ДДВ
Стоматолошка столица Saevo S 500 H	1	275.430,27

Наградата не може да се замени за паричен износ или друг вид на награда.



КОМИСИЈА И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ДОБИТНИК

Член 11

Изборот на добитникот го врши интерна комисија формирана од Приредувачот (во понатамошниот текст: „Комисијата“). Комисијата ги разгледува и оценува само апликациите на учесниците кои ги исполнуваат условите за учество утврдени со овие Правила.

Изборот на добитникот се врши врз основа на вкупниот број на освоени бодови, согласно следните критериуми:

Критериум	**Максимален број бодови**
Конкретност и реалност на планот за отворање сопствена ординација	30
Остварливост на планот и дефинирана временска рамка	25
Подготвеност за започнување самостојна професионална дејност	20
Мотивираност, визија и професионални цели	15
Досегашно професионално искуство и развој	10
Вкупно	**100**

Приредувачот го задржува правото, пред конечниот избор на добитникот, да побара од учесниците соодветна документација за исполнетост на критериумите.

За добитник ќе биде избран учесникот кој ќе освои најголем вкупен број бодови. Комисијата води записник за извршеното оценување и изборот на добитникот. Одлуката на Комисијата за избор на добитник е конечна.

Доколку двајца или повеќе учесници имаат еднаков најголем број бодови, Комисијата ќе изврши дополнително оценување на нивните апликации, при што предност ќе има учесникот кој освоил поголем број бодови во критериумот „Конкретност и реалност на планот за отворање сопствена ординација“.

Добитникот на наградата ќе биде прогласен на ден 26.10.2026 година, и истиот ќе биде објавен на веб страницата на Приредувачот во рок од 3 дена од денот на прогласувањето.

Со учеството во наградната игра, кандидатот се согласува, доколку биде избран за добитник, неговото име и презиме да бидат јавно соопштени на веб страницата на Приредувачот и во комуникациски материјали поврзани со доделувањето на наградата, во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци.

ИСПОРАКАТА НА НАГРАДАТА

Член 12

Приредувачот ќе изврши испорака на наградата на локација определена од добитникот, во рок од 30 дена од денот на неговото објавување.



ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 13

Со учество во наградната игра, учесниците се согласуваат да ги дадат личните податоци (име и презиме, телефон/e-mail адреса) на Приредувачот преку електронската апликација и истите ќе се обработуваат за целите на спроведување на наградната игра, проверка на исполнувањето на услвоите за учество и критериумите за избор, оценување на апликациите, избор, контактирање на добитникот и реализација на наградата.

Приредувачот има право да ги користи личните податоци на секој учесник исклучиво за потребите на наградната игра и не смее да ги користи податоците за било која друга намена. Личните податоци на учесниците на наградната игра ќе се користат само во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Личните податоци ќе бидат достапни само на овластени лица кај Приредувачот и на членовите на Комисијата, во обем неопходен за спроведување на наградната игра.

Приредувачот ќе ги чува личните податоци во рок и на начин утврден согласно важечките прописи и своите интерни политики за заштита на личните податоци.

ОДГОВОРНОСТ

Член 14

Приредувачот не презема одговорност за евентуална неможност за поднесување на апликација поради технички проблеми кои не се предизвикани од негова страна, прекин на интернет-врска, дефект на електронскиот систем или други околности надвор од разумната контрола на Приредувачот.

Учесниците се одговорни за точноста и вистинитоста на податоците и информациите доставени во апликацијата.

ПРАВО НА ПРИГОВОР

Член 15

Учесниците во наградната игра имаат право да поднесат приговор до Приредувачот најдоцна 5 (пет) работни дена од денот на прогласување на добитникот на следната адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 50, кат 5, Скопје – Центар.

Приредувачот е должен да даде одговор на приговорот во рок од 7 дена по неговиот прием.

ПРИФАЌАЊЕ НА ПРАВИЛАТА И ОВЛАСТУВАЊАТА ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

Член 16

Со учество во наградната игра, секој учесник се сложува дека ќе ги почитува претходно наведените правила и услови. Доколку се склучи несакан спор меѓу Приредувачот и учесник во наградната игра, тој ќе биде решен спогодбено, но доколку не се достигне заемен договор, спорот меѓу Приредувачот и учесникот ќе биде решаван пред надлежен суд во Скопје.

ПРОМЕДИКА ДОО Скопје

Маја Николовска
управител

